Општина Берово

УНДП Локално управување за одржлив човечки и економски развој

# СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ 2006–2011

# ОПШТИНА БЕРОВО

Берово, јуни 2006

Изработката и печатењето на Стратегијата за одржлив развој се поддржани од Програмата за развој на Обединетите Нации – УНДП, финансирано од Владата на Финска

**Подготвиле**

**Локален тим за одржлив развој на општина Берово**

**Лектор**

**Виолета Танчева Златева**

**Дизајн, прелом и печатење**

**Apolo Images**

**ISBN.....**

**Проект**

**Локално управување за одржлив човечки и економски развој**
**MCD/13527**

**Ул. Никола Вапцаров 2/4-4, 1000 Скопје**
**Тел: (389 2) 32 44 108**

**Тим за поддршка на УНДП**

**Софија Граматова Ристовска**
**Ирена Мицајкова**
**Димче Дамјановски**
**Јасминка Пашалиска Андоновска**
**Ѓорѓи Пеовски**
**Дарко Шумански**
**Јулијана Брашнарска**

**Иземање**

Ставовите изразени во овој документ се ставови на автори што нужно не претставуваат и ставови на Програмата за развој на Обединетите Нации или Секретаријатот на Обединетите Нации во врска со правниот статус или име на која и да е земја, територија, град или област или за авторите на овој текстот.

# Содржина


**Вовед** 5

Процес на формулирање на Стратегијата 6

Организациона поставеност на локалната самоуправа 7

Буџет на Општина Берово 8

## I ДЕЛ - ЛОКАЛНА ПРОЦЕНА 9

**1. ПРОФИЛ НА ОПШТИНА БЕРОВО** 9

**1.1. Општи податоци** 10

1.1.1. Географска локација и релјеф 10

1.1.2. Клима 10

1.1.3. Природни ресурси 11

1.1.4. Население и миграции 12

1.1.5. Заштита на природата и на животната средина 13

**1.2. Економија** 14

1.2.1. Број и структура на деловните субјекти 15

1.2.2. Работна сила, вработеност и животна средина 16

1.2.3. Опис на поважните економски сектори 16

1.2.4. Инфраструктура 21

**1.3. Социјален профил** 22

1.3.1. Образование 22

1.3.2. Здравство и социјална грижа 23

1.3.3. Заштита и спасување на граѓаните 24

1.3.4. Култура и спорт 24

1.3.5. Граѓански сектор 25

1.3.6. Медиуми 25

**2. SWOT анализа** 27

## II ДЕЛ - СТРАТЕШКИ ДЕЛ 31

Визија 31

Инфраструктура 32

Одржлив економски развој 33

Квалитет на животот, образование и обука 34

# Содржина


**III ДЕЛ - АКЦИОНЕН ПЛАН** 37

Резиме 38
Опис на проектите: Инфраструктура 40
Опис на проектите: Одржлив економски развој 54
Опис на проектите: Квалитет на животот, образование и обука 76
Матрица на имплементација: Инфраструктура 104
Матрица на имплементација: Одржлив економски развој 107
Матрица на имплементација: Квалитет на животот, образование и обука 112
Реализација на проекти: Инфраструктура 119
Реализација на проекти: Одржлив економски развој 122
Реализација на проекти: Квалитет на животот, образование и обука 127
Структура за имплементација и мониторинг на АП 132

# Вовед

Берово е една од општините селектирани да учествуваат во пилот-програмата на УНДП *Локално управување за одржлив човечки и економски развој*. Програмата, финансиски и технички, е поддржана со донација од Владата на Финска и има цел, преку пренесување на позитивните искуства од Финска, да создаде услови за одржлив развој на општините. Дел од активностите на програмата се фокусирани на изготвување на Стратегија за локален одржлив развој (СЛОР), како стратешки документ на општината кој ќе даде насока на дејствување за да се постигне подобрување на севкупните услови за живеење.

Фокусот е врз зајакнување на капацитетите на локалните власти за обезбедување ефикасна услуга и планирање на развојот, создавање поволна средина за економска ревитализација и олеснување на комуникацијата меѓу општинската администрација, од една страна, и комуникацијата помеѓу неа, јавните установи и пошироката јавност. Исто така, ја промовира партиципацијата на граѓанството во процесите за донесување одлуки во општините, како гаранција за транспарентноста и одговорноста на власта. Во склоп на програмата, воспоставени се важни контакти со три општини-партнери од Финска во партнерство со локалните власти, граѓанството, приватниот сектор и новите локални агенции за развој, воспоставени со помош на УНДП. Главна цел е да се поддржи развојот во Република Македонија преку зајакнување на инклузивно и ефективно управување во овие општини и да се подобри животот.

Локалниот одржлив развој веќе долго време е признат од меѓународната заедница и неговата важност се рефлектира во разни меѓународни документи во врска со развојот. На Конференцијата на ОН за животна средина и развој, одржана во Рио де Жанеиро, во 1992 година, усвоена е Агенда 21 - водич за одржлив развој кој ги потенцира улогата на локалните власти и инцијативите за поддршка на одржливиот развој. Улогата на приватниот сектор во генерирање на капацитети, во трансфер на технологија и во обезбедување финансии за локален развој наидоа на огромно внимание на Светскиот самит за одржлив развој, одржан во Јоханесбург, во 2002 година. Партнерството помеѓу властите, граѓанството и приватниот сектор сега се смета како круцијално за локалниот одржлив развој.

Притоа, Милениумските развојни цели претставуваат глобално партнерство коешто произлезе од обврските и од целите востановени на светските самити во 90-тите години од минатиот век. Како одговор на главните развојни предизвици и потребите на граѓанството, МРЦ промовираат намалување на сиромаштијата, образование, здравје на мајките, еднаквост на половите; тие се насочени кон спречување на смртноста кај децата, на сидата и на други болести. Поставени за остварување до 2015 година, Милениумските развојни цели претставуваат спогодбен пакет цели кои може да се остварат само ако сите актери работат заедно и ако секој си го врши својот дел од работата. Владата ја потпиша Милениумската декларација во 2000 година и, обврзувајќи се да ги оствари Милениумските цели, и нуди на Македонија можност да најде пат кон долгорочен развој. Оваа СЛОР е пример за работата на УНДП на тоа да се зајакнат партнерствата помеѓу општините и да се промовираат партиципационите процеси за елаборација на локалните стратегии за развој поставни од МРЦ.

Овој документ вклучува три стратешки компоненти (овде именувани како Стратегија), кои се сите меѓусебно поврзани и усогласени:

а. Процена на локалната ситуација;

б. СВОТ (SWOT) анализа - во три сектори: инфраструктура, одржлив економски развој и квалитет на живеење;

в. Стратешки планови - вклучувајќи визија, стратешки цели, развојни цели и краток преглед на програмите и на проектите.

Стратегијата идентификуваше приоритетни области и стратешки определби и постави широка рамка за економски, социјален и културен развој на општината Берово за периодот 2006-2011. Како и да е, понатамошната елаборација треба да биде во форма на изработка на Имплементациони планови, кои треба да содржат детали за програми и проекти, за учесници и посредници, финасиски планови, очекувања и ризици, показатели на развојот и временски процени.

Како што Македонија се движи кон интеграција во ЕУ, подобрениот капацитет на локалните засегнати страни треба да се искористи за интегрирање и за усогласување на оваа стратегија со новите европски, национални и регионални политики.

Изготвувањето на стратегијата започна во јули 2005 година. Нејзината реализација се должи на напорите на локалните засегнати страни на општина Берово, кои активно беа вклучени во Работни групи со претставници од локалната власт, приватниот бизнис и граѓанскиот сектор, а координирани од Локалната агенција за развој - Берово. Процесот беше осмислен и поддржан од професионален тим, кој се состоеше од програм-менаџерот, двајца локални консултанти и еден меѓународен консултант.

## Процес за формулирање на стратегијата

За да се разработи Стратегијата беше потребен огромен партиципативен процес. После потврдата за политичка поддршка на процесот од Градоначалникот и од Советот на Општината, во септември 2005, се одржа Прва воведна работилница за локален одржлив развој и стратешко планирање. Во периодот септември-декември 2005 се вршеа интензивни подготовки, т.е. мобилизација и обука на засегнатите субјекти. Се изготвија прашалници за анкетирање на бизнис секторот, кои беа дистрибуирани од страна на ЛАР Берово, во соработка со општинската администрација. Во Берово беа формирани девет работни групи, со претставници од граѓанскиот сектор, од бизнис заедницата и од општината, кои работеа волонтерски (без паричен надомест). Тие беа бирани од широк дијапазон на дејности, зависно од областа која ја покрива работната група:

1. Урбано планирање, животна средина и рурален развој;
2. Здравство, социјална заштита и цивилна заштита;
3. Култура, образование, млади, спорт и рекреација;
4. Туризам;
5. Земјоделство и сточарство;
6. Шумарство и дрвна индустрија;
7. Текстилна индустрија;
8. Микро, мали и средни претпријатија;
9. Други економски дејности.

Секоја работна група имаше лидер кој стана претставник во Лидерската група (или ЛОР тимот) која го подобруваше пристапот и поврзувањето со фасилитаторите на процесот. Работните групи си направија сопствен распоред и додатна експертска обука беше извршена во две следни работилници и дополнително, преку постојан контакт и поддршка. Тимовите за развој одржаа многу состаноци, особено во периодот јануари-април 2006, изготвувајќи ги профилот на општината, анализирајќи ги јаките страни и слабостите, можностите и ризиците (SWOT), изготвувајќи ги визијата, стратешките и развојните цели и преглед на програмите и проектите. Првиот нацрт-план на Стратегијата беше прегледан и среден од професионален експертски тим и беше доставен до јавноста од страна на Општината преку консултации и широка јавна расправа, во траење од три недели, во јуни-јули 2006. Како дел од овој процес добивме предлози и сугестии кои се вклучени во финалниот документ. Целосниот документ повторно беше прегледан и поднесен до Советот на Општината за дискусија и за одобрување, на 28 јули 2006 година.

## Организациона поставеност на локалната самоуправа Берово

Општината е единица на локалната самоуправа во Република Македонија. Општинските власти/органи се избираат на слободни и демократски избори со мандат од 4 години. Општински органи се Советот на Општината како претставнички орган на граѓаните и Градоначалникот.

За извршување на работите од надлежност на органите на општината се организира општинска администрација. Сегашната организациона поставеност на општинската администрација во Берово може да се види од графиконот.

За извршување на своите надлежности, општината има основано јавни служби во согласност со законот кој тоа го определува, но нема извршено делегирање на одредени работи од јавен интерес од локален карактер на други правни или физички лица, другата предвидена законска форма за извршување на надлежностите.



## Буџет на општината

Буџетот е годишниот план за финансирање на надлежностите на општината, кој се состои од годишна процена на приходите по извори и на расходите по намени. Општински буџетски корисници се општинските органи и јавните служби основани од општината.

Консолидираниот биланс на приходи и расходи на општина Берово за 2006 година е прикажан на следната табела:

*Буџет на Општина Берово за 2006 година:*

| Буџетски приходи | Во мил. ден. | Во % |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **158.837.000,00** | **100** |
| тековно-оперативни приходи | 13.403.000,00 | 8,4 |
| наменски дотации | 14.436.559,00 | 9,1 |
| трансфери | 27.402.000,00 | 17,3 |
| донации | 103.596.000,00 | 65,2 |
| **Вкупни расходи** | **158.837.000,00** | **100** |
| тековно-оперативни расходи | 37.535.559,00 | 23,6 |
| капитални расходи | 121.302.000,00 | 76,4 |

*Класификација на расходите по функции:*

| Ставка | Износ | Во % |
|---|---|---|
| Општи јавни служби | 14.902.000,00 | 9.4 |
| Јавен ред и мир | 5.126.330,00 | 3.2 |
| Економски работи | 7.221.000,00 | 4.5 |
| Заштита на животната средина | 111.830.000,00 | 70.4 |
| Живеалишта и развој на заедницата | 6.500.000,00 | 4 |
| Рекреација, култура и религија | 690.485,00 | 0.7 |
| Образование | 8.528.965,00 | 5.3 |
| Социјална заштита | 4.038.779,00 | 2.5 |
| Вкупно | 158.837.000,00 | 100 |

# 1. Профил на општина Берово



# 1.1. Општи податоци

## 1.1.1. Географска локација и релјеф

Беровската Котлина го опфаќа најисточниот дел од Република Македонија, помеѓу 41° 06″ и 41° 53″ географска ширина и помеѓу 23° 12″ и 22° 37″ географска должина. Општината Берово на југ се граничи со општините Ново Село, Босилово и Василево, на запад со општините Радовиш и Виница, на север со Делчево и со Пехчево, на исток со државната граница на Бугарија.

Вкупната површина на општина Берово изнесува 595 км$^2$, а се наоѓа на 800 м просечна надморска висина.

Релјефот е претежно ридско-планински, а рамнински терени има само околу речното корито на реката Брегалница.

Малешевските Планини се централно поставени во општината, нивните котлински страни се мошне дисецирани со изворишни речни долини од реката Брегалница. Природната целина Малеш, каде е сместен и градот Берово, лежи на апсолутна кота 800-900 м н.в.; со разграноците на Влаина Планина, Обозна и Бејаз Тепе е одвоен од Пијанец. Јужната рамка на општинската територија е планината Огражден. Најистакнати врвови се Џами Тепе, со 1.801 м н.в., и Ченгино Кале, со 1.748 м н.в. Највисок врв е Кадиица, со 1.932 м н.в.

Општината има периферна положба во однос на главните комуникациски коридори по долините на Вардар, Брегалница и Струмица. Најважна комуникација од регионално значење е онаа што ги поврзува Малешевско-Пијанечкиот басен со Струмичката Котлина, преку кој општината комуницира со внатрешноста на Републиката.

Оваа неповолна позиција може многу да се подобри по активирањето на преминот Клепало на македонско-бугарската граница, кој се очекува да биде отворен во текот на 2007 година. Со тоа, овој регион може да стане транзитен пункт, од пасивен да се претвори во динамичен и да ги користи сите позитивни влијанија и импулси во размената, во техничкиот прогрес и во културните комуникации.

## 1.1.2. Клима

Општина Берово, која е дел од Малешевската Котлина, има умерено-континентална клима со модификација на климата во високите планински и рамничарски делови.

Локалитетот Берово има значително пониска средна годишна температура на воздухот од подрачјата на иста надморска височина во поширокиот дел на оваа котлина. На надморска височина од 800 м, средна годишна температура изнесува 11,1 °C, а во Берово 8,7 °C. Најстуден месец е јануари, со просечна температура од -10 °C, а најтопол месец е јули, со просечна температура од + 18,2 °C. Просечната годишна минимална температура е 2,8 °C, а просечната максимална температура е 15,3 °C.

Најмногу врнежи има во месеците мај и јуни, како и во ноември, а најсушни се месеците август и септември. Просечниот годишен износ на врнежи е 672 мм/м$^3$. Главен максимум паѓа во мај, просечно околу 76,8 мм/м$^3$, а секундарен во ноември - 64,3 мм/м. Главниот минимум е во август, просечно со 37,6 мм/м3, а секундарен во февруари. Бројот на врнежливи денови годишно изнесува 118. Во просечната годишна сума на врнежи снегот зазема околу 15 % и се јавува од октомври до мај. Просечно, годишно има 42,2 дена под снежна покривка.

Релативната влажност на воздухот се смалува од јануари до август, а потоа од декември се зголемува, а просечната влажност на воздухот е 76 %. Просечната годишна сума на траење на сончевото зрачење изнесува 2.347 часа, или 6,4 часа дневно, со максимум во јули од 10,2 часа дневно, и со минимум во декември од 3 часа дневно. Во Беровската Котлина маглата е ретка појава, годишно има само 8,4 магливи денови. Појавата на град е ретка, просечно се јавуваат 2,9 дена со град. Сланата е со помала зачестеност и се јавува 70 дена во годината, од септември до мај. Во Беровската Котлина се јавуваат ветрови од сите 8 светски правци, но преовладува северниот, со зачестеност од 147% и брзина од 2,4 м/сек., кој е најмногу застапен во јануари, во февруари и во март.

## 1.1.3. Природни ресурси

### Флора и фауна

Најзастапени се дабовата и буковата шума. Буковиот појас е застапен во планинскиот и во потпланинскиот појас. Подобро се зачувани горските букови шуми, тие се од големо значење за шумското стопанисување. Ливадите се малку застапени, и тоа во близина на реката Брегалница. Поради потиснување на шумите, ридските пасишта се протегаат на големи пространства, спротивно од планинските пасишта кои се застапени во мал обем.

Шумите и шумското земјиште во Малеш зафаќаат површина од 29.102 ха, од кои под шуми се 27.970 ха, а под шумско земјиште се 3.870 ха.

Од вкупната површина под шуми, 72,0% се во државна сопственост, а 28,0% се шуми во приватна сопственост. Вкупниот годишен сечив етат изнесува 60.300 $м^3$ бруто дрвна маса, или околу 48,0 % од годишниот прираст, или 0,85% од вкупната дрвна маса на уредените шуми.

Општо, можеме да кажеме дека сортиментната структура на етатот е поволна бидејќи трупците и техничкото дрво со мали димензии во вкупниот етат учествуваат со 35,1%.

Од останатата вегетација, регионот е карактеристичен со присуство на планински лековити билки, шумски плодови: печурки, малини, капини, шумски јагоди и сл.

Како составен дел на фауната се среќаваат најразлични форми од групата на водоземците, цицачите, влечуги, птици и скакулци. Од влакнест дивеч се среќаваат: зајак, срна, волк, дива свиња, лисица, дива мачка, куна, јазовец, видра, ласица. Од перјаст дивеч се среќаваат: камењарка и полска еребица, фазан, гулаб, грлица, потполошка, диви пајки, јастреби, шљуки, лиски, лештерки, страчки, гаврани, чавки, орли и др. Од редот на птици загрозена е еребицата камењарка, а од дивечот загрозени и заштитени се еленот и срната, од крупниот дивеч, а зајакот од ситниот дивеч.

### Хидрографија

Најважен хидрографски објект во Малешевијата е реката Брегалница која е, исто така, една од најголемите притоки на реката Вардар. Нејзини притоки се Ратевска Река, со должина од 24 км, Пехчевска Река, Умленска Река, Каменица и Џаволи, кои гравитираат кон Малешевско-Пијанечката Котлина. Од струмичкиот слив, поголеми реки се Циронската Река и Безгаштевска Река, кои гравитираат кон Струмичкото поле.

Хидрографски објект од значење за општината е и Беровското Езеро. Тоа е вештачко езеро, со бетонска брана висока 53 метри и претставува хидрографски туристички објект. Се наоѓа на 986 метри надморска височина. Изградено е во 1970 година, на Ратевска Река, на месноста наречена Лаки, а оддалечено е 7 км од Берово. Должината му е 2,5 км, а средната широчина 0,5 км. Површината на езерото изнесува 0,57 $км^2$.

Нивото на подземните води покрај речното корито изнесува 3-5,0 м, а во алувијалната рамнина 8-14 м. Други проучувања за видот на подземните води не се правени.

На територијата на општината има повеќе од 120 извори, со вкупна издашност од 140 лит/сек. Побогати извори се регистрирани на терените со надморска височина поголема од 1.000 м.

### Минерали и руди

За развојните можности на општината особено значајни се минералните суровини и рудите, за кои во минатото се спроведени истражувања и е констатирано дека нивната експлоатација е економски оправдана. Такви се случаите со каолинските глини, погодни за производство на керамички и огноотпорни производи, кварцот, кој наполно одговара за подготвување на



Беровско езеро



*Центар на град Берово*

огноотпорен материјал, јагленот, железото и други рудни појави, кои се делумно активни, а поголемиот дел се сé уште само потенцијално атрактивни ресурси за натамошно истражување и активирање.

Во реонот на с. Мачево и на с. Будинарци постои $SiO_2$ (горски кристал) кој во светот се користи како украсен камен во јувелирството.

## 1.1.4. Население и миграции

Според податоците од пописот на населението во 2002 година, Берово имало 13.941 жители. Со тоа, Берово спаѓа меѓу помалите општини во Р. Македонија. Како што може да се види од Табелата за бројот на населението по населени места според пописите 1921-2002 година, бројот на жители континуирано се зголемувал од 1921 до 1991 година, а потоа опаѓа со просечна годишна стапка од 0,4%. Во однос на претходниот попис од 1994 година нивниот број е намален за 238 лица, или за 1,7%, а просечната годишна стапка на пораст изнесува - 0,21%, за разлика од македонската просечна годишна стапка на пораст на населението која во овој период изнесува 0,48%.

### Број на население по населени места според пописите од 1921 до 2002 година

Притоа, карактеристично е дека само во градот Берово, во меѓупописниот период, бројот на населението е зголемен за 250 лица, или за 3,6%, што во најголем дел се должи на миграцијата село-град, а во сите населени места има намалување, со тоа што најголем пад е регистриран во Владимирово, од 22,5% од 1991 до 2002. Во 2004 година во Берово се доселени 68 лица (главно заради склучени бракови и/или семејни причини), отселени се 94 лица (најмногу заради склучени бракови), а миграционото салдо изнесува - 26 лица.

Населените места во општината се од збиен тип, со оддалеченост од 3 до 15 км од општинскиот центар, со исклучок на село Двориште, кое се наоѓа во близина на македонско-бугарската граница и е оддалечено 21 км од Берово.

Во 2004 година се регистрирани 130 живородени лица (9,3 на 1.000 жители), додека, пак, во истата година, се регистрирани 155 умрени лица (11,1 на 1.000 жители).

Како резултат на овие бројки, природниот прираст во 2004 година има негативен тренд и изнесува - 2,6%, за разлика од македонскиот просек од 2,7%.

Со 23,4 жители на еден километар, општината се вбројува меѓу ретко населените општини во Р Македонија.

Според бројот на склучените бракови од 4,4% на 1,000 жители и според бројот на разведени бракови од 0,3%, општината е под републичкиот просек (респективно 6,9% и 0,8%).

| Населено место | Број на жители во годините на попис | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1921 | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1991 | 1994*) | 2002 |
| Малешевија | 13939 | 19.017 | 20.438 | 20.048 | 19.949 | 20.227 | 20.395 | 19.829 | 19.458 |
| Општина Берово | 10045 | 13.062 | 14.153 | 14.048 | 14.194 | 14.368 | 14.543 | 14.179 | 13.941 |
| Берово | 2.507 | 3.619 | 4.176 | 4.288 | 5.092 | 6.070 | 6.869 | 6.752 | 7.002 |
| Будинарци | 538 | 839 | 861 | 881 | 857 | 783 | 723 | 714 | 681 |
| Владимирово | 1.300 | 1.965 | 1.896 | 1.790 | 1.473 | 1.290 | 1.110 | 1.043 | 861 |
| Двориште | 487 | 1.162 | 1.339 | 1.318 | 1.182 | 955 | 854 | 825 | 757 |
| Мачево | 178 | 329 | 322 | 297 | 276 | 260 | 208 | 216 | 206 |
| Митрашинци | 886 | 1.118 | 1.245 | 1.149 | 1.054 | 965 | 863 | 794 | 729 |
| Ратево | 893 | 1.259 | 1.267 | 1.229 | 1.145 | 1.060 | 941 | 910 | 844 |
| Русиново | 1.307 | 2.044 | 2.251 | 2.242 | 2.288 | 2.173 | 2.149 | 2.100 | 2.095 |
| Смојмирово | 533 | 727 | 796 | 854 | 827 | 812 | 826 | 825 | 765 |

**Државен завод за статистика*

Просечната старост на населението, според пописот од 2002 година, изнесува 36,3 години, учеството на младото население до 20-годишна возраст изнесува 28,6%; на возраст од 20 до 30 години се 1.956 лица, односно 14,03%, од 30 до 40 години се 1.912 лица или 13,7%, а 15,3% од населението е на возраст од 40 до 50 години, додека населението на возраст од 50 до 60 е 12,2%, а останатиот дел со 60 и повеќе години учествува со 19,2%. Со коефициент на демографска старост од 0,636, општината има ранг 5, и со тоа се вбројува меѓу општините со демографска старост.

Структурата на населението по пол за општина Берово е 50,4% мажи и 49,6% жени. Општината Берово има вкупно 4.706 домаќинства, со просечен број од 3,1 членови по домаќинство.

Според националната припадност, како што е прикажано во графиконот, Македонците се доминантни, со 96%, 3% се Роми, а 1% останати.

## 1.1.5. Заштита на природната и на животната средина

Локалниот акционен план за животната средина (ЛЕАП) за Општина Берово е донесен во 2004 година и има цел да се справи не само со проблемите со животната средина, туку и со прашањата поврзани со одржливото користење на ресурсите, како и со социјалните и економските прашања.

Создавањето и спроведувањето на ЛЕАП е знак дека локалната власт ги презема одговорноста и грижата за животната средина, создава долгорочна одржлива корист на природните ресурси во границите на општината и ги решава локалните приоритети за заштита на животната средина.

Согласно поставените приоритети, во процесот на имплементација, досега се преземени акции за решавање на проблемите со водата за пиење и со отпадни води, како и за дел од предвидените активности за подобрување на состојбата со цврстиот отпад, за заштита на шумите и за едукација на граѓаните за подигање на јавната свест.

### Управување со отпад

Во градот Берово цврстиот комунален отпад организирано се собира од страна на ЈПКР Услуга, со возилата со кои располага и тоа околу 16.435м3/год. По селските населби, пак, отпадот се собира од





*Клепалска река*

самото население, на различни начини, и тоа доведува до создавање на диви депонии. Годишната количина на цврст отпад во градот изнесува 19.283м3, односно 2,86м3/жител. Остатокот од отпадот е градежен шут и отпад од бела техника за домаќинствата кој, исто така, се депонира на постојната депонија, но и на дивите депонии од страна на граѓаните кои имаат обврска тој вид на отпад да го одложуваат на постојната депонија.

Општината нема депонија за изумрени животни, ниту пак депонија за медицински отпад, така што депонирањето се врши на истата локација со комуналниот отпад. Градот располага со привремена градска депонија наречена „Иљадин Валог", која е лоцирана во месноста Увин Валог, во непосредна близина на градот, односно на околу 3 км од него.

Привремената депонија не ги задоволува минималните санитарни стандарди и прописи. Нема никаква инфраструктура (вода, електрична енергија), нема средства за дезинфекција, јама за пцовисани животни и др. Отпадот се трупа без никаков третман (само се нивелира и се затрупува со земја и песок). Индустрискиот отпад се депонира на истата локација (Увин Валог и во диви депонии).

## 1.2. Економија

Локалната економија има богата историја. Од релативно мало, неразвиено и периферно подрачје, општина Берово, во шеесеттите и во седумдесеттите години од минатиот век, доживеа интензивен пораст, со стапки на општествениот производ од над 20% (повисоки од републичките стапки), повисок пораст на вработеноста во однос на републичкиот просек и со изразени структурни промени. Така, направена е фундаментална смена меѓу земјоделството и индустријата, а остварен е забележлив прогрес и во градежништвото и во сообраќајот. За индустријата е карактеристична нејзината диверзификација, со тоа што доминанти (според учеството во општествениот производ) се четири гранки: текстилната, со 33,9%; дрвната, со 25,5%; индустријата на неметали, со 18%; и прехранбената и тутунската индустрија, со 13,2%.

Општата оценка за овој период беше дека не се целосно активирани потенцијалите во земјоделството, дека треба да се продолжи со индустрискиот развиток со нови квалитети и дека треба да се развиваат терцијарните дејности, пред сé туризмот, како и сервисите и занаетчиството.

Во почетокот на деведесеттите години од минатиот век (почетниот период на транзицијата), според податоците за општествениот производ во 1995 година, индустријата и рударството во оваа општина учествуваат со 43%, земјоделството и рибарството со 21%, шумарството со 6,7%, градежништвото со 7%, сообраќајот и врските со 7,4%, трговијата со 10%, угостителството и туризмот со 1,5%, занаетчиството и личните услуги со 1,6% и сите останати области со 1,8%.

Денес, во недостиг на локални економски статистики, груби оценки можат да се прават само врз основа на компарации на основните економски показатели во однос на националната економија и на регионот на кој му припаѓа општината. Така, просечната стапка на раст на БДП за периодот 1998-2002 за Републиката изнесува само 5,2%, а за регионот во кој припаѓа општината (источниот регион) растот изнесува само 1,9%. Исто така за регионот, БДП по жител изнесува 5.104 американски $ (според куповната моќ) и, како таков, е понизок од просекот на земјата за 25%. И, што е особено значајно, просечната годишна стапка на додадена вредност од нефинансискиот сектор во периодот 1998-2002 е негативна и изнесува - 2,4%.

Поегзактни анализи за локалната економија можат да се вршат само врз база на податоците за бројот на деловните субјекти според видот и секторите на дејност и според податоците за вработеноста во општината.

## 1.2.1. Број и структура на деловните субјекти

Економската структура на општина Берово, според видот и секторите на дејности, е претставена во следниве две табели:

| ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ ПО ВИДОВИ | | |
|---|---|---|
| ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ | ПРАВНИ ЛИЦА / дооел / | 730 |
| | ТРГОВЦИ / тп / | 130 |
| | ДДВ ОБВРЗНИЦИ | 195 |
| | АКТИВНИ ДООЕЛ | 280 |
| | АКТИВНИ ТП | 100 |
| | НЕУСОГЛАСЕНИ / ЗПП / | 94 |
| | БЛОКИРАНИ | 98 |

**Статистички годишник на РМ, 2005, состојба 31 декември 2004 година*

| ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ ПО СЕКТОРИ НА ДЕЈНОСТ | | Во % |
|---|---|---|
| ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ЛОВ И ШУМАРСТВО | 58 | 7,1 |
| ВАДЕЊЕ НА РУДИ И КАМЕН | 1 | 0,1 |
| ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА | 101 | 12,3 |
| СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ГАС И ВОДА | 3 | 0,4 |
| ГРАДЕЖНИШТВО | 11 | 1,3 |
| ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО И МАЛО, ПОПРАВКА НА ВОЗИЛА И ПРЕДМЕТИ ЗА ЛИЧНА УПОТРЕБА И ЗА ДОМАЌИНСТВАТА | 337 | 40 |
| ХОТЕЛИ И РЕСТОРАНИ | 59 | 7,2 |
| СООБРАЌАЈ, СКЛАДИРАЊЕ И ВРСКИ | 107 | 13 |
| ФИНАНСИСКО ПОСРЕДУВАЊЕ | 1 | 0,1 |
| АКТИВНОСТИ ВО ВРСКА СО НЕДВИЖЕН ИМОТ, ИЗНАЈМУВАЊЕ И ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ | 19 | 2,3 |
| ЈАВНА УПРАВА И ОДБРАНА, ЗАДОЛЖИТЕЛНА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | 14 | 1,5 |
| ОБРАЗОВАНИЕ | 8 | 1 |
| ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА РАБОТА | 14 | 1,7 |
| ДРУГИ КОМУНАЛНИ, КУЛТУРНИ, ОПШТИ И ЛИЧНИ УСЛУЖНИ АКТИВНОСТИ | 87 | 11 |
| ВКУПНО | 820 | 100% |

**Статистички годишник на РМ, 2005, состојба 31 декември 2004 година*

Од табелите е евидентно дека, според бројот на компаниите, доминантна дејност е трговијата (со учество од 40%), потоа сообраќајот, складирањето и врските (со 13%) и преработувачката индустрија (со 12,3%), другите комунални, културни, општи и лични услужни активности (11%), хотелите и ресторантите (со 7,2%), земјоделството, ловот и шумарството (со 7,1%) и останато (со помалку од 10%).

## 1.2.2. Работна сила, вработеност и невработеност

Работната сила (економски активното население кое го сочинуваат вработените и невработените) во општината, како што може да се види од долната табела, изнесува околу 40%. Стапката на невработеност изнесува 30,4%, а на вработеност 41,5%.

*Табела: Население, работна сила и стапка на невработеност*

| Општина | Население | Раб. сила | Вработени | Невработени | Стапка на невработ. | Стапка на вработеност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Берово | 13.941 | 5.589 | 3.891 | 1.698 | 30,4% | 41,5% |

** Државен завод за статистика, 2005 година*

На следната табела е презентирана структурата на вработените според економските сектори.

| Општина | Вработени | Земјоделство како % од работна сила | Индустрија како % од вкупното | Услуги како % од вкупното | Непознато како % од вкупното |
|---|---|---|---|---|---|
| Берово | 3.891 | 20,0 | 43,1 | 36,7 | 0,2 |

** Државен завод за статистика, 2005 година*

Од анализата на вработувањето според основните економски сектори може да се заклучи дека доминантен сектор во општината е индустријата, со 43,1%, секторот услуги е, исто така, мошне значаен, со 36,7%, а потоа доаѓа земјоделството, како трет сектор во кој се ангажираат 20% од вработените.

Најголем дел од вработените се во градот, со оглед на индустриската поставеност и јавните установи од централно и локално ниво.

Невработеноста на младото население (како % од работната сила на возраст од 15 до 24 години) е 67,3%. Источниот регион, во кој припаѓа општината, е со најниска стапка на невработеност на младото население меѓу останатите региони во Републиката.

Друга карактеристика на невработеноста е долгорочната невработеност (подолга од 1 година). Таа во општината изнесува 83,7% од вкупно невработените лица и, како таква, е повисока од просекот за регионот (кој изнесува 75,6%).

## 1.2.3. Опис на поважните економски сектори

### Текстилна индустрија

Текстилната индустрија вработува најмногу луѓе во општината Берово. Во овој сектор се регистрирани околу 10 фирми, кои вработуваат околу 700 луѓе, што е 18% од вкупниот број на вработени. Профилот на вработените и нивниот степен на образование во текстилната индустрија е 14 лица со високо, 13 со више, 490 со средно и 185 со основно образование. Од некогашните 4 капацитети, кои вработуваа повеќе од 1.200 луѓе, само две успешно го завршија процесот на приватизацијата, додека останатите отидоа во стечај или под ликвидација. Од активните фирми, сопствено производство има „Алкалоид“ АД - сирови боени и белени материјали, санитетски материјали, ХТЗ облека, постелнина за здравството и други позамантериски производи, како и „Матекс“ дооел - ќебиња и други волнени производи, а останатите работат лон систем - конфекциски производи: џинс, работна облека, кошули и друга лесна конфекција. Производите се пласираат, главно, на пазарите на ЕУ и во соседните земји, а мал



*Ковач - занаетчија*

дел (околу 20%) на домашниот пазар. Падот во овој сектор е резултат, главно, на заострената конкуренција на пазарот и на евтините производи од Кина.

## Дрвна индустрија

За стопанисување со шумите во државна сопственост (72% од шумите) одговорно е ЈП Македонски шуми - „Малешево", а покрај основната, има и други секундарни дејности. Со шумите во приватна сопственост (28%) стопанисуваат самите сопственици. До 90-тите години од минатиот век во дрвната индустрија постоеше еден голем капацитет кој пред приватизацијата работуваше повеќе од 500 луѓе. Бројот на вработени во оваа фирма денес е 172 лица и претежна дејност е производство на мебел, букова резана граѓа и брикет. Со примарна преработка на дрвото се занимаваат уште 33 помали фирми (11 во Берово, а останатите во селските населби), во кои се вработени околу 90 лица. Нивните полупроизводи се наменети, главно, за домашниот пазар, а мал дел се извезува во соседните земји. Покрај таквите капацитети, има и други фирми кои се занимаваат со трговија на дрво, односно на огревно дрво, со тенденција за продажба и користење на дрвната маса надвор од општината. Таквите фирми имаат променлива бројка и во општината ги ома приближно околу 10.

Главен проблем во овој сектор е сивата економија и одливот на необработена дрвна маса надвор од општината.

Развојот на оваа гранка, со оглед на потенцијалите и на традицијата, е детектиран како приоритетен, во што многу може да помогне остварената соработка со Финска.

## Градежна индустрија

Денес во градежништвото на територијата на општина Берово опстојуваат 6 фирми, од кои еден дел произлегоа од некогашната единица на Пелагонија во Берово. На територијата егзистираат две фирми кои се занимаваат со проектирање. Во минатото, во овој сектор беа вработени повеќе од 300 луѓе, но со процецот на транзиција оваа бројка се намали на 145. Фирмите се ориентирани, главно, на високоградба, пред сé, на станбени и на деловни објекти во општината и во соседните општини, а мал дел настапуваат на пазарот во соседните земји.

## Прехранбена индустрија

Во моментот, во општина Берово во прехранбениот сектор активни се 7 фирми кои произведуваат или преработуваат млеко и млечни производи, печурки, свињи, леб и бели печива. Во овој сектор е ангажирана работна сила од 92 лица. Производството во прехранбената индустрија е наменето, пред сé, за локалениот пазар, а млечните производи постепено се пробиваат на пазарите во регионот и пошироко во земјата, а само мал дел е наменет за извоз. Главно, тоа се релативно нови фирми и семејни бизниси. Во 2005 година, Здружението на одгледувачи на овци - Берово основа кооператива чија главна цел беше организиран настап на странските пазари на сирењето и на јагнето од Малешевијата и обезбедување репроматеријали за членовите по поволни цени. Малешевијата и Берово претставуваат зелена точка во земјата и пошироко, а тоа значи чиста, здрава и зачувана околина која нуди еколошки производи со посебен традиционален начин на производство и со одличен квалитет. Сé повеќе се наметнува посебноста на малешевското сирење, јагне, компир, шумските плодови, како специфични и препознатливи за регионот, а нивната бараност на пазарите во земјата се истакнува како регионален бренд, со потенцијал за развој на препознатлив имиџ.

Големиот агрокомбинат и единствената голема фирма во овој сектор од минатиот систем, во процесот на транзиција отидоа во стечај. Во 2006 година агрокомбинатот, после стечајната постапка, е купен од

мешовита македонско-словенечка фирма, со интенција за модернизација на компанијата и ставање во функција и на погонот за производство на ракија.

Потенцијалите за развој на оваа гранка не се доволно искористени и се значаен сегмент од идните развојни активности.

### Занаетчиство

Во општина Берово со самостојно вршење на занаетчиска дејност се занимаваат околу 50 лица, додека околу 250 лица имаат регистрирано приватни фирми за вршење на разни дејности. Резбарско-копаничарскиот занает традиционално се пренесува и се одржува до денес. Резбите се продаваат претежно во земјата, но често и надвор од неа. Тоа најчесто оди преку однапред договорени нарачки, со одбрани мотиви и стилови на резби. Развојот на сточарството овозможил развој на различни занаети: влачарскиот, ткајачкиот, валевичарскиот кои, за жал, во последните години се во изумирање. Занаетчиството како специфична гранка се пренесува од колено на колено и преку секојдневна обука, но сé помалку луѓе го наоѓаат својот ангажман во оваа област која, за жал, со новите технологии го губи своето значење и економската оправданост, а со тоа и интересот на младите генерации за работа и за изучување на занаетчиството. Традиционално се изработуваат волнени килими, народни носии, подни простирки со народни мотиви и сл., кои се продаваат на туристите во Берово, во специјализирани продавници во поголемите градови во Македонија и во САД, преку програмата Aid to artisans. Одделни домаќинства сé уште ги негуваат овие занаети.

Неколку здруженија за изработка на ракотворби на традиционалните народни мотиви им даваат современа димензија, адаптирана за потребите на пазарот, што истовремено е и можност за самовработување и за зголемување на семејниот буџет.

## Услуги

### Трговија

Во областа на терцијарниот сектор, трговската дејност се врши преку 78 продавници, со продажен простор од 1.020 м2 (во просек по 13 м2), во кои се вработени 126 лица.

По распаѓањето на големите општествени трговски фирми во деведесеттите години на минатиот век, најпрвин се појавија голем број мали трговски фирми. Дел од нив, во текот на 2000-2005 година, го окрупнија деловниот простор и обемот на активностите, така што денес имаме 3 крупни трговски фирми со синџир на продавници во Општина Берово и пошироко.

### Транспортни услуги

По трансформацијата на големото транспортно претпријатие АТШ Берово, чија дејност беше транспорт на патници и стока, произлезе едно претпријатие за превоз на патници и неколку помали превозници на стоки. Во моментот има 17 фирми, со вкупно 98 вработени од областа на транспортот. Три фирми се занимаваат со линиски превоз на патници на релациите Берово-Скопје и Берово-Струмица, а во летната сезона и Берово-Охрид и, по потреба, со превоз до туристичките дестинации во земјата и во странство. Во локалниот транспорт учествуваат триесетина лиценцирани такси возила за локален превоз и десетина комби возила.

### Финансиски и други услуги

Во Берово свои филијали имаат 4 од поголемите банки во Македонија: Стопанска банка АД Скопје, Инвест Банка АД, Македонка банка и Уни банка, со вкупно 30 вработени, кои обезедуваат услуги за физички и правни лица, а дел од нив имаат банкомати.

Македонски пошти имаат централна пошта во Берово и истурени пошти во 4 поголеми села.



*Зграда на Општина Берово*

Регистрирани се една фирма за давање на компјутерски услуги и за обука на компјутери, една приватна школа за јазици и два центра за обука за компјутери и за јазици за граѓаните. Во еден циклус можат да се обучат околу 50 лица за компјутери и исто толку за странски јазици.

Услуги и совети во областа на земјоделството дава Агенцијата за поттикнување на индивидуалното земјоделство. На територијата на општината активни се три адвокатски и две нотарски канцеларии, додека пак сé уште нема бизнис консултантски услуги.

## Земјоделство

Вкупната површина на територијата на општина Берово, како што е презентирано на долниот график, изнесува 68.226 ха. , при што на земјоделско земјиште отпаѓа 57% а на шумско 43%. Од земјоделското земјиште се обработуваат 67%, од кои, 21% се под ниви и градини, 2, 2% под овоштарници и 9,5% под ливади и 33 % е под пасишта.

Земјоделството е важен дел од општинската економија, со ангажирање на околу 20% од населението, а истовремено и важен извор на храна и сигурност за другите жители на општината.

Во евиденцијата на ПЕ на МЗШВС регистрирани се 19 индивидуални земјоделски производители. Евидентна е незаинтересираноста на младите за оваа гранка и, како резултат на тоа, луѓето што активно се занимаваат со земјоделство се претежно возрасни, со низок степен на образование. Не може да се анализира просечна големина на фармите затоа што имотите се расцепкани и не станува збор за класична фарма во која целокупниот имот е сконцентриран на едно место. Најголемиот процент од земјоделско-овоштарското производство се врши во приватниот сектор. Основниот проблем се откупот и пласманот на овие производи.

Водечки култури во растителното производство се компирот, житата, сината слива и вишната. Производството на компир варира во зависност од откупната цена и од можностите за продажба и се движи меѓу 3.000 и 4.000 тони годишно, иако има можности за двојно поголемо производство. Поради високата стапка на данок (од 18%), поради зависноста на државата од увозот на семе и на ѓубре, како и поради високата цена на нафтата, а и поради увозот на полусмрзнат компир кој ги задоволува потребите на големите потрошувачи (месечно се внесуваат по 100 тони), се чувствува и одредена стагнација во производството на компир, иако регионот е признат за производство на квалитетен компир во Македонија.

Површините засеани со пченица се двојно намалени (околу 400 ха, со производство од 100 тони), поради неповолната цена на пазарот и поради големите трошоци за производство. Производството на ’рж (900 ха и 2.500 тони), на јачмен (240 ха и 700 тони) и на овес (235 ха и 300 тони) продолжува, иако приносите се под меѓународните стандарди - 3.000 кг/ха (за овесот е 1.221 кг/ха).

Сливата во последните години добива сé поголем замав - се подигаат нови насади, што во последните години се стимулира од државата. Околу 67.500 стебла даваат 1.000 тони слива, 2.500 стебла даваат 1.725 тони вишни. Сливите и вишните се продаваат во свежа состојба, главно на поголеми трговци кои понатаму ги пласираат на странските пазари. Постојат потенцијали за производство на сушено овошје и за други преработки на овошјето.

## Сточарство

Моментално на подрачјето на општина Берово, и тоа во приватниот сектор, има околу 20.500 овци и 2.530 говеда. Територијалниот распоред на овците и на говедата по населени места е даден во долната табела.




| | земјоделски сектор вкупно | ниви/ градини | овоштарници | ливади | пасишта | шуми |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Берово | 39124 | 8237 | 856 | 3720 | 26301 | 29102 |

*Трендови во земјоделското производство*

| Број на овци и на говеда во општина Берово | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Берово | Владимирово | Русиново | Ратево | Двориште | Будинарци | Смојмирово | Мачево | Митрашинци | Вкупно |
| Овци | 5300 | 3250 | 2600 | 1500 | 2950 | 1800 | 750 | 850 | 1500 | 20500 |
| Говеда | 400 | 320 | 350 | 180 | 280 | 180 | 300 | 120 | 400 | 2530 |

Според податоците од ПЕ на МЗШВС, просечното стадо брои 34 овци, што е релативно мала бројка и бележи тренд на уште поголемо намалување. Просекот на говедата е 2 грла по одгледувач.

Ако се споредат бројките од 50.000 овци и 10.000 говеда и извозот на 35.000 јагниња на пазарите на поранешна Југославија, во Европската унија и во земјите на Блискиот Исток, кои беа состојба на почетокот на 2000 година, се забележува драстичен пад на оваа гранка.

Со одгледување на свињи се занимава свињарската фирма во село Смојмирово, со капацитет од 18.000 свињи во еден турнус. Оваа свињарска фирма сега е во сопственост на фармата „Жито-Вардар" од Велес. Покрај неа, во општината се евидентирани помали сточарски фарми кои одгледуваат свињи, крави, кози и овци.

Падот на производството во оваа гранка е резултат, пред сé, на неповолните услови за одгледување на добиток и на ниската откупна цена, како и на неможноста на произведувачите и на преработувачите да ја зајакнат својата улога на пазарот и да се соочат со сé поострите пазарни услови. Напорите на одгледувачите на овци се насочени кон продажба на беровското сирење на домашниот и на странските пазари, како препознатлив бренд и со гаранција за квалитетот и за географското потекло.

Генерален проблем во секторот на земјоделството и сточарството е неорганизираноста на земјоделците и на сточарите. Земјоделството и сточарството не се атрактивни за младите во општината и со нив претежно се занимаваат сé повозрасни луѓе.

## Туризам и угостителство

Малешевијата располага со огромен туристички потенцијал кој сé уште не е искористен, иако во последните години се забележува подем во овој сектор. Гостите во Берово и во околните туристички населби престојуваат најмногу за викенд, посебно за новогодишните, за велигденските и за првомајските празници, а за време на летниот период се задржуваат просечно по 4-7 дена. Најголем број од посетителите се домашни туристи, но во последните 2 години и бројот на странските туристи е во пораст (претежно странци на мисија во Македонија). Гостите најголем интерес покажуваат за чистиот воздух, мирната и тивка околина и можностите за одмор и релаксација, вклучувајќи ги и прошетките во планина, но не е мал ни бројот на оние кои доаѓаат во Берово поради здравствени причини.

Околу 20 фирми се активни во секторот на туризам и угостителство, со 125 вработени и околу 100 сезонски работници. Овој сектор е во експанзија во последните години и има перспективи за иден развој.

Во моментот Берово располага со 506 легла, од кои 173 се во приватни викендички. Со туристичка дејност се занимава Рекреативниот центар „Малешево" на Беровското Езеро, со капацитет од 60 легла во бунгалови и 240 легла во детското одморалиште. Хотелот „Македонија" во центарот на Берово има 60 легла, меѓутоа, моментално не е во функција. Мотелот „Ловен Дом" на шумското стопанство „Малешево", со 4 апартмани, е значаен туристички капацитет со уредено тениско игралиште и со прекрасни тераси. Хотелот „Манастир", со 25 легла, кој функционира од 2004 г., е сé поинтересно место за престој, како на домашните така и на странските туристи.

Во завршна фаза од изградба е комплексот на ТА „Аурора" кој, со 120 легла со висока категорија,



се очекува да даде значаен придонес во развојот на туризмот.

Приватните викендички околу Беровско Езеро, излетничкото место „Абланица“ во непосредна близина на Берово, како и туристичката населба „Суви Лаки“, на 25 км од градот, се исто така дел од туристичките предизвици. Во јули 2004 година со работа започна и Туристички информативен пункт, кој дава информации за сместувачките капацитети и за други локални атракции, како и промоција на локалните традиционални производи (сирење, мед, природни сокови и други преработки на шумско овошје) и на традиционалните ракотворби изработени од волна, ткаени, плетени и др. Со цел подобра промоција на овие производи беа организирани и 2 саема на традиционални производи „Малешевијата на дланка“ и еден саем на ракотворби „Традицијата - визија за иднината“.

## 1.2.4. Инфраструктура

### Патишта

Берово се наоѓа во источниот дел на Република Македонија и е поврзан со сообраќајниот систем на државата само со системите на патна мрежа и на меѓуградскиот сообраќај на патници.

Општината Берово е поврзана со два регионални патни правци кон внатрешноста на Република Македонија со:

- Р-527 - Кочани-Виница-Берово-Клепало (граничен премин);
- Р-523 -Делчево-Пехчево-Берово-Струмица;
- Р-524 - Берово-Клепало (граница Р. Бугарија);
- регионалниот патен правец Р-603 - Берово-Подареш-Радовиш е во фаза на проектирање.

Одржувањето на регионалните патишта е во надлежност на ЈП Македонија пат и моментално скоро на сите регионални патишта е потребна реконструкција.

Сите селски населби од општината се поврзани со градот Берово, со асфалтирани локални патишта. Локалните патишта имаат вкупна должина од 36 км и 109,94 ха, од кои 14% се неасфалтирани земјени патишта.

Уличната мрежа во Берово има должина од 26,5 км, со површина од 156.500 $м^2$, од кои 62,7% се асфалтирани, 8,4% се коцка, 1,1% се тампонирани, 11,7% се земјени и 16,1% се непробиени. Проблем за движењето на пешаците претставуваат неизградените тротоари на поголемиот дел од градските улици. Евидентен е недостаток на соодветен паркинг-простор за моторните возила.

За опслужување на моторните возила со погонско гориво се користат 2 бензиски пумпи на територијата за општина Берово.

### Железнички и аеродромски врски

Најблиската железничка станица е на 50 км од Берово и се наоѓа во Кочани. Железничкиот транспорт во источниот дел на земјата е во стагнација. Берово има скоро централна поставеност во однос на околните аеродроми: 170 км од Скопје, 162 км од Солун и 165 км од Софија. Најблиското пристаниште е во Солун.

### Енергетика

Снабдувањето со електрична енергија во општината се врши од електроенергетскиот систем на Република Македонија. Вкупната должина на општинската електрична мрежа изнесува 327.015 км; од тоа 35 КВ е 42,49 км, 10 кв воздушна 135,89 км и подземна 13,635 км, и од 0,4 КВ воздушна 130,50 км и подземна 4,5 км.

### Водоснабдување

Јавното претпријатие ЈПКР „Услуга“ снабдува 6 од вкупно 9 села во општина Берово со вода за пиење, односно 90% од населението. Селата Двориште и Ратево имаат сопствени и независни водоснабдителни системи



*Туристички комплекс*

на изворска вода. Исто така, јавното претпријатие снабдува 14% од општина Пехчево со вода за пиење. Изворот за водоснабдување е со зафаќање на површински води од акумулацијата Беровско Езеро.

Загубите на вода се движат до околу 60% од вкупно преработената вода. Квалитетот на водата за пиење е општо добар и безбеден. Вкусот на водата е случајно сиромашен и се должи на застарениот активен јаглен во процесот на филтрација. Исто така, ограничениот простор на резервоарот предизвикува нестабилен квалитет на водата за пиење. Планирана е донација од швајцарската влада за да се решат овие проблеми преку рехабилитација на водоснабдувањето и изградба на пречистителна станица за отпадните води. Делот на проектот што се справува со водоснабдувањето ќе ги намали загубите на вода, ќе се смени активниот јаглен и ќе се изгради резервоар за вода за пиење со поголем простор.

### Канализација

Собирањето и одведувањето на отпадните води во општината е решено во најголем дел во градот Берово и делумно во 3 селски населби. Собирањето се врши преку канализациона мрежа и собирни колектори, од кои понатаму водата се испушта во реката, без пречистување. Основна слабост на постојниот канализационен систем е проблемот со мали профили на одделни места, со што се предизвикуваат тесни грла и затнувања. Во тек е реализација на проектот за изградба на регионална пречистителна станица, на која ќе бидат приклучени 5 населени места, како и доизградба на канализациониот систем во селските населби. Канализационата мрежа има вкупна должина од 21 км, а должината на главниот колектор изнесува 6 км.

Атмосферската канализација е реализирана само во 25% од планираното и претставува сериозен проблем, особено за време на поројните дождови.

Според донесениот ЛЕАП за општина Берово до 2010 се планирани изградба на атмосферска канализација и доизградба и осовременување на фекалната канализација.

### Домување и погодности

Општина Берово има 6.735 станбени единици. Од нив 97,3% се приклучени на јавниот водовод, 68,2% на јавната канализација, само 1,8% имаат парно греење и 65,9% имаат бања со клозет.

Анализата на елементите на стандардот на домување во општината (број на станови, станбена површина по жител, просечна големина на станови, материјал на градба, опременост со инсталации) укажува на констатации на задоволителен стандард на домување. Од областа на просторното и урбанистичко планирање, изготвената документација датира од 1990-2000 година и неопходно е докомплетирање и ажурирање, со цел да се стави под контрола изградбата, а со тоа и да се заштитат деловите со природна убавина.

## 1.3. Социјален профил

### 1.3.1. Образование

Образованието е клучна детерминанта на развојот. Образовната структура на населението е следна:

1) 20% од населението има неоформено основно образование (тоа се претежно возрасни луѓе над 65 години и луѓе кои се здобиле со дополнителни стручни вештини);
2) 33% од населението има основно образование;
3) најголем дел, 36% од населението, има средно образование;
4) 4% од населението има виша подготовка;
5) 6% има високо образование.

За предучилишно воспитување и образование се грижи централната Општинска јавна установа за деца



*Света Богородица Исотчен петок*



*Улица 23-ти Август*

Детска градинка „23 Август", која е и единствената во градот. Установата ја посетуваат деца од 9-месечна возраст до 7-годишна возраст. Во градинката во Берово претстојуваат 180 деца и, заедно со клоновите во с. Русиново, с. Будинарци и с. Митрашинци, опфатени се 284 деца од сите националности. Вкупниот број на вработени во ОЈУДГ „23 Август" изнесува 51.

Од децата на возраст од 7 до 14 години, 97,4% посетуваат училиште. Стапката на писменост е 98,9%. На територијата на Општина Берово има две основни училишта, од кои едното има и 7 подрачни училишта. Бројот на ученици во учебната 2005/06 изнесуваше 1.280 во основното образование и бележи тренд на опаѓање. Во двете основни училишта се вработени вкупно 120 наставници (или 1 наставник на 10 ученици во просек), со тоа што дел од наставниците имаат нецелосно работно време.

УСО Ацо Русковски - Берово е единственото средно училиште на територијата на општините Берово и Пехчево. Во училиштето се вработени вкупно 59 работници, од кои во настава се ангажирани 52. Во учебната 2005/06 година, во УСО се запишани вкупно 826 ученици, во 28 паралелки. Односот на учениците со наставници во УСО Ацо Русковски - Берово е 16 ученици на еден наставник. Во учебната 2005/06 година од вкупно 28 паралелки, 22 се за гимназиско образование, а 6 за стручно. Постои мала тенденција за намалување на бројот на учениците. Тоа се должи на демографските карактеристики во општината која, заедно со Општина Пехчево, го сочинува 100% бројот на учениците во УСО Ацо Русковски.

## 1.3.2. Здравство и социјална грижа

### Здравство

Здравствените услуги на граѓаните ги обезбедува Здравствениот дом Берово, 12 приватни лекарски ординации кои произлегоа од Здравствениот дом и две приватни здравствени организации кои работат подолго време. Активни се 5 стоматолошки ординации во Берово, кои се приватизирани со реформите за приватизација на стоматолошката дејност и кои се одвоија од ЈЗО. Исто така, од пооддамна работат уште три приватни стоматолошки ординации. На територијата на Општина Берово работат и 4 приватни аптеки во Берово и 1 во с. Русиново. Во моментот постојат амбуланти во 6 селски населби, во кои работат по една медицинска сестра и во кои еднаш неделно оди лекар, додека во с. Русиново има 2 медицински сестри и трипати во неделата оди лекар. Но со новата приватизација се укинуваат работните места за медицинските сестри во селските населби. Во моментот сé уште нема заинтересирани лекари за обезбедување на здравствени услуги во селските населби и сите се сконцентрирани во Берово.

Фондот за здравствено осигурување обезбедува остварување на правото од задолжително здравствено осигурување за 13.941 лица.

Најблиските болници се во Кочани и во Струмица - на одалеченост од 50 км од Берово - додека за посериозни операции пациентите се носат во Штип (90 км) и во Скопје (180 км). Освен во итни случаи, кога транспортот се обезбедува со болничко возило, пациентите се обврзани самите да си го организираат транспортот до посочената дестинација.

### Социјална заштита

Следната табела дава слика за состојбата во однос на социјалната заштита во општина Берово. Податоците покажуваат дека, за разлика од општиот тренд во државата, во периодот 1998-2002 година, бројот на примателите на парична помош, по скоро сите основи, се намалува.

*Табела за приматели на парична помош по разни основи за општините Берово и Пехчево:*

| Основ | Социјална парична помош | Детски додаток | Опремување на новородено дете | Малолетни корисници на социјална заштита | Додаток за туѓа нега | Корисници на пензија | Невработени корисници на паричен надомест | Приматели на пензија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1998 | 1.850 | 1.205 | 124 | 117 | 224 | 3.076 | 605 | 3.076 |
| 2002 | 1.481 | 881 | 90 | 111 | 390 | 3.112 | 596 | 3.221 |

Опременоста со опрема и со возила ги задоволува потребите. За лица со посебни потреби е отворен Дневен центар, во кој се ангажирани стручни лица. Потребно е да се отвори канцеларија СОС за згрижување на жртви на семејното насилство.

## 1.3.3. Заштита и спасување на граѓаните

Заштитата и спасувањето на граѓаните, животните, растенијата и материјалните добра ја вршат Подрачното одделение за заштита и спасување, Општинските специјализирани единици и ПП бригада која опфаќа поширок дијапазон на заштита од НХБ средства, земјотреси, пожари, поплави, рушевини, епидемии, епизотии, епифитотии, лизгање на земјиште, неексплодирани убојни средства и од други несреќи.

Во ПП единица и во општинските специјализирани единици вработени се 14 лица.

Просторните услови во кои се сместени Одделението за заштита и спасување и ПП единицата не ги задоволуваат критериумите за една ваква единица.

## 1.3.4. Култура и спорт

Домот на културата „Димитар Беровски" е единствената институција од таков вид во Општина Берово, и е центар и главен двигател на сите случувања од областа на културно-забавниот живот во општината. Во рамките на Домот на културата функционираат библиотека, музеј и градско кино кое е во незавидна ситуација. Со законот за децентрализација Домот на културата „Димитар Беровски", заедно со библиотеката, се под ингеренции на локалните власти. Домот на културата не е рационално искористен и адаптиран за потребите на граѓаните, особено библиотеката, која треба да биде во улога на културен центар на граѓаните. Вкупниот книжен фонд изнесува 28.839 книги и модернизацијата на библиотеката е еден од општинските приоритети.

На територијата на Општина Берово постојат повеќе спортски капацитети: градски фудбалски стадион, терени за ракомет и за кошарка, забавни паркови, тениско игралиште, како и терени за рекреација, кои се релативно одржани, но секоја година забот на времето ги оштетува. Организираниот спорт не е многу развиен на општинско ниво, како резултат на недостаток на интерес и на финансиски средства. За заживување на екипните спортови на затворен терен, покрај салата, ќе биде потребно повторно обезбедување и органи-



*Стар Суд (Музеј)*

зирање на финансиски и човечки ресурси. Постојат само два организирани клубови. Тоа се ФК „Малеш“ и КК „Јованчо Дракалски“.

## 1.3.5. Граѓански сектор

На територијата на општина Берово, според податоците од Основниот суд Берово, вкупно се регистрирани 65 здруженија на граѓани, но поголем дел од нив не се активни. Граѓанското организирање е присутно во сите сектори: земјоделство, животна средина, туризам, култура и спорт, хуманитарни и здравствени организации, техника, ракотворби и граѓанско општество. Повеќе меѓународни организации досега обезбедиле тренинг и обука за НВО во општина Берово.

## 1.3.6. Медиуми

Во општина Берово постојат една јавна радиостаница, која е во процес на трансформација, и две приватни комерцијални радиостаници. Македонската телевизија (државна ТВ) има локален репортер, додека главните настани се покриени од регионални репортери од другите национални станици и весници. Информирањето за локални настани, комерцијални и социјални активности не е застапено доволно.

Во изработка на стратешкиот документ учествуваа девет работни групи со следниве претставници:

| Работна група: **Шумарство и дрвна индустрија** | |
|---|---|
| **Организација** | **Име и презиме** |
| Извиднички Одред „Берани“ | Дејан Поповски |
| АД Огражден | Дарко Ваканскиi |
| Здруж. на приватни шуми | Стојан Арменски |
| ШС Малешево | Марјан Соколчевски |
| ШС Малешево | Владо Клинчарски |
| Шумска полиција | Марјан Цамбаски |

| Работна група: **Туризам и хотелска индустрија** | |
|---|---|
| Организација | Име и ирезиме |
| Хотел „Манастир“ | Владо Мишовски |
| Туристички инфо пукт | Александра Каракашова |
| Ресторан „Ловен Дом“ | Драгица Готовска |
| ЈУДО Малешево | Венко Багашовски |
| Ресторан МРС | Зоран Пеовски |
| Туристички инфо пукт | Јулија Брашнарска |
| Советник на градоначалникот | Дејан Каламадески |
| Сопственик на кафуле Ексклузив | Горан Печински |
| Сопственик на Вила Аурора | Јулија Ајтовска |

| Работна група: **Текстилна индустрија** | |
|---|---|
| Организација | Име и презиме |
| АД Алкалоид | Виолета Козовска |
| Бетекс | Владо Методиев |
| Здруж. на ракотворби „Серафим“ | Ана Пачаемска |
| ДСУ „Ацо Русковски“ | Билјана Муртовска |
| Сани-М | Жана Механџиска |
| Велтекс | Зоран Велков |
| ДСУ „Ацо Русковски“ | Миле Јовински |
| ДСУ „Ацо Русковски“ | Славица Фурнаџиска |

| Работна група: **Култура, едукација, млади, спорт и рекреација** | |
|---|---|
| Организација | Име и презиме |
| ОУ „Дедо Иљо Малешевски“ | Весна Аврамска |
| Здружение на Народна техника | Јовица Миличински |
| Дом на култура | Звонко Скендерски |
| ДСУ „Ацо Русковски“ | Стево Суџуковиќ |
| Спортски клуб | Дејан Дамјански |
| Здруж. „Димитар Беровски“ | Војо Соколовски |
| Вавилон Центар | Гоце Милошевски |
| Совет на родители | Љупчо Димитровски |

| Работна група: **Мали и средни претпријатија** | |
|---|---|
| Организација | Име и презиме |
| АКД дооел | Тони Двојаковски |
| Млекара Малеш | Васко Каракутовски |
| Општина Берово | Митко Илијевски |
| Претседател на Советот | Лидија Догазанска |
| Коколонски ДООЕЛ | Зоран Коколански |
| ЖО „Роза“ | Цветанка Пеовска |
| АД „Огражден“ | Владо Нешовски |

| Работна група: **Урбано планирање, комунален сервис, животна средина и рурален развој** | |
|---|---|
| Организација | Име и презиме |
| Сектор за урбано планирање - Општина Берово | Мишо Догазански |
| ЈПКР "Услуга" | Киро Чичаковски |
| Сектор за урбано планирање - Општина Берово | Елен Качулачка |
| Советник на Општина Берово | Бранка Шишовска |
| Еколошко друштво „Брица“ | Жаклина Рецовска |
| Геодетска управа Берово | Славчо Буровски |
| Мировен корпус | Даглас Акарт |

| Работна група: **Земјоделство и сточарство** | |
|---|---|
| Организација | Име и презиме |
| Советник во општина Берово | Зоран Агоски |
| ПЕ на Мин. за земјод., шумар. и водостопанство | Јане Галевски |
| Здруж. на компиропроизводители „Агрија“ | Бранко Лапески |
| Здруж. на одгледувачи на овци | Митко Крживски |
| Савич Компани | Бранко Ужевски |
| Ветеринарна станица | Зоран Дудуковски |
| Здружение на одгледувачи на овци | Васко Механџиски |
| Агенција за поддршка на земјоделството | Даниела Крживска |
| Свињарска фарма | Љупчо Треновски |

| Работна група: **Економски активности и финансии** | |
|---|---|
| Организација | Име и презиме |
| Пелагонија - Малеш | Горан Ружински |
| Финансиски оддел - Опш. Берово | Звонко Пекевски |
| Финансиски оддел - ЈПКР „Услуга“ | Фимка Билјарска |
| Младост М ДООЕЛ | Методи Младеновски |
| Здруж. на финансиски работници | Благој Дујовски |
| Транспортно претпријатие „Берово Транс“ | Јован Матеничарски |
| ПЕ на Министерство за економија | Снежана Пуловска |

| Работна група: **Здравство и социјална заштита, заштита на граѓаните** | |
|---|---|
| Организација | Име и презиме |
| Дирекција за заштита и ресурси | Орце Гошевски |
| Здравствен дом | Весна Марковска |
| Локален медиум | Даница Младеновска |
| Противпожарна бригада | Страхил Димитровски |
| Центар за социјални грижи | Виолета Фурнаџиска |
| Фонд за здравство | Лилјана Чиплаковска |
| Здравствен дом | Владо Шахпаски |

| **Тим за Локален одржлив развој (ЛОР тим):** | |
|---|---|
| Организација | Име и презиме |
| ШС „Малешево“ | Марјан Соколчевски |
| Советник во Општина Берово | Зоран Агоски |
| Вработена во Општина Берово | Елен Качулачка |

| **Тим за Локален одржлив развој (ЛОР тим):** | |
|---|---|
| Извиднички одред „Берани“ | Дејан Поповски |
| Општина Берово | Мишо Догазански |
| Градоначалник на Берово | Венко Пашалиски |
| Совет на родители | Љупчо Димитровски |
| Директор на Домот на култура | Звонко Скендерски |
| ПЕ на Мин. за одбрана - Берово | Јордан Гошевски |
| ОУ „Дедо Иљо Малешевски“ | Бранка Шишовски |
| Општина Берово | Митко Илијевски |
| АД „Алкалоид“ | Виолета Козовска |
| АД „Пелагонија“ | Горан Ружински |
| Здруж. на жени „Роза“ – Берово | Цветанка Пеовска |
| АКД | Тони Двојаковски |
| Хотел „Манастир“ | Владо Мишовски |
| Здружение „Лешки“ | Дејан Каламадевски |
| Претседател на Совет | Лидија Догазанска |
| ЈПКР „Услуга“ – Берово | Киро Чичаковски |
| УНДП-ЛАР-Берово | Јасминка Пашалиска-Андоновска |
| УНДП-ЛАР-Берово | Ѓорѓи Пеовски |
| УНДП-ЛАР-Берово | Дарко Шумански |

# 2. SWOT АНАЛИЗА



## ИНФРАСТРУКТУРА

| ЈАКИ СТРАНИ/ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| добра покриеност со патна мрежа | застарена урбанистичка документација |
| зграда за граничен премин Клепало | непостоење на канализационен систем за 4 села и нетретирање на отпадни води |
| збиени населени места (Берово+ 8 населби) | неажурирање на катастерски подлоги |
| Берово + 6 села поврзани со регионален водовод - вештачко езеро | постоење на диви депонии и непостоење на стандардна депонија |
| целосна електрификација | недостаток на добар систем за управување со цврстиот отпад |
| целосна покриеност со телефонска мрежа | изолираност - периферност во РМ |
| покриеност со урбанистичка документација на населените места од различно ниво | непостоење на централен систем за греење (дрвото како гориво за затоплување) |
| делумна покриеност со систем за отпадна вода на 5 населби | висока цена на водата за пиење |
| покриеност на локално и на национално ниво со транспорт | |
| добар основен систем за одведување на отпадна вода | |
| функционален систем за наводнување | |
| АДСЛ интернет пристап во Берово и телефонски за населбите | |

| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ |
|---|---|
| граничен премин - краткорочно | слаба грижа за регионалните патишта |
| изградба на пречистителна станица за отпадни води - Берово + 4 села (среднорочно 3 г.) | сеизмичко ризично подрачје |
| подобрување на патната мрежа на локално и на регионално ниво | ниски национални можности и управување со регионалната инфраструктура |
| пристап до фондовите на ЕУ со кандидатскиот статус на МК | загадување на водата за пиење при неконтролиран развој |
| вклученост на општината со регионалниот систем за цврст отпад | |
| пристап до фондовите (на националните стратегии) | |
| нови регионални структури | |

# ОДРЖЛИВ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

| ЈАКИ СТРАНИ/ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| добри природни ресурси (земјиште, шуми, вода, еколошка средина, воздух) | сива економија |
| индустриска база со традиција и наследство | слабост во синџирот на економски вредности |
| квалификувана работна рака | неконкурентност на локалните производи на локалниот пазар |
| традиција во земјоделството и сточарството и препознатливост на производите | отсуство на претприемачка традиција |
| добар имиџ за развој на туризмот | недостаток на локални финални производи |
| оптималност на општинскиот центар за економски развој | оддалеченост од пазарите - зголемени транспортни трошоци |
| Градот Берово има задоволително ниво за инвестиции | непостоење на бренд за регионот |
| | немање соработка и партнерства на локално ниво |
| | недостаток на специјализиран обучен кадар |
| | недостаток на опрема и технологија во производството |
| | недостаток на информации за економски показатели |
| | несоодветна инфраструктура во туристичките населби |
| | бизнис деловен центар |

| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ |
|---|---|
| добри природни ресурси | регионални и ЕУ производи на локалниот пазар |
| потенцијален високообразован кадар (невработен) | неповолни услови за кредитирање |
| неискористеност на финансиските резерви | опаѓање на наталитетот |
| отвореност на Локалната самоуправа за соработка | одлив на млад образуван кадар |
| постоење на локации и локалитети | недостаток на стимулативни мерки и активности за економски развој |
| потенцијал во земјоделството и во шумарство | неспроведување на законот |
| додадена вредност за базично производство - нови бизниси | пораст на трошоците за енергија |
| подобрување на националната деловна средина | лоша клима за инвестирање |
| пристап до фондовите на ЕУ со кандидатскиот статус на РМ | |
| пристап до фондовите за неразвиени - национални и ЕУ | |
| пристап до регионалните и до пазарите на ЕУ | |

## КВАЛИТЕТ НА ЖИВЕЕЊЕ; ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

| ЈАКИ СТРАНИ/ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| Добар јавен и приватен систем за здравствена заштита | застарена и недоволна медицинска опрема |
| пополнетост со квалификуван кадар | систем за грижа за стари лица |
| добар основен јавен образовен систем, инфраструктура, кадар | недостаток на пристап за формално и неформално образование за возрасни |
| активност на НВОи во сферата на обуката и образованието | недостаток на финансии за модернизација во образованието |
| негување на традицијата и на културното наследство - настани | ограничени опции за младите за средно образование |
| интегрираност на заедниците во културниот живот | недостаток на просторни услови: спорт, социјални настани и култура |
| добри проектни постигнувања | ограничено снабдување со медицински лекови |
| згрижување на деца од претшколска возраст | простор на единицата за ПП заштита и опрема |
| лична сигурност, ниско ниво на криминал | недостаток на сместувачки капацитети за настани |
| чиста и богата животна средина, со езеро, богата флора и фауна | промоција на ракотворбите и на традиционалните производи |
| ниско ниво на социјални проблеми: алкохол, дрога, малолетничка деликвенција | ниска еколошка свест |
| | негрижа за традиционалната архитектура |
| | развиеност на НВО и на граѓанско-општествениот сектор |
| | недоволна информација за потенцијалните донатори |
| | несоодветни услови на градската библиотека |
| | недостаток на информации и на интерес за културни и за социјални настани |

| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ |
|---|---|
| планови за ревитализација на градското јадро | укинување на итна медицинска помош - краткорочно (најскоро) |
| пристап до фондовите на ЕУ со кандидатскиот статус на РМ | укинување на здравствените пунктови во населените места |
| прекугранична соработка и меѓуопштинска соработка | приватизација на примарното здравство |
| конгресен и семинарски туризам | стареење на населението - негативна стапка на прираст |
| активност на граѓанскиот сектор во рамките на новата децентрализирана локална самоуправа | одлив на млади кадри - миграција на младите |
| поддршка од донатори за развој | меѓусебна доверба кај локалното население |
| граѓански културен информативен центар - функционална библиотека | заминување на младите во други градови за оформување на средно образование |
| организирање и учествување на национални и меѓународни манифестации (културни, информативни, спортски....) | |

# ВИЗИЈА

## Општина Берово - посакувано место за жителите, инвеститорите и туристите, со погодни услови за брз социо-економски и културен развој, развиена урбана и рурална инфраструктура и чиста и здрава животна средина

# СТРАТЕШКИ ДЕЛ

**Инфраструктура**

| Визија | Стратешки цели | Развојни цели | Програми | Проекти |
|---|---|---|---|---|
| Преку подобрен процес на урбано планирање и управување, Берово ќе има инфраструктура, соодветна за амбициозна и прогресивна општина, способна да го поддржи одржливиот развој, поставен врз широки основи | С. 1. Модернизиран систем на урбано планирање, кој ќе ги задоволи потребите на пософицистирана и прогресивна заедница | Р. 1. Поттикнат е систем на урбано планирање (ГУП и ДУП), заснован врз позитивни искуства; и подигнат е потенцијалот на човечките ресурси за подобрување на инфраструктурата и обезбедување на услуги кои се поврзани со оваа сфера | Пр. 1. Програма за модернизација на урбаното планирање | Пр. 1. Проект за модернизација на урбаното планирање и развој на човечките ресурси |
| | | | | Пр. 2. Проект за финализација на урбаното планирање<br>- Генерален урбанистички план (ГУП) до 2008;<br>- Детален урбанистички план (ДУП) до 2009 |
| | | | | Пр. 3. Развој на напреднат систем за мониторинг и евалуација на урбаното планирање |
| | | | Пр. 1. Програма за подобрување на архитектонското и природното наследство во градот „Убаво Берово" | Пр. 1. Проект за реконструкција и разубавување на центарот во Берово (градскиот плоштад) |
| | | | | Пр. 2. Проект за доуредување на јавните градски површини, и кејот на реката Брегалница |
| | Р. 2. Подобрени јавни и приватни инфраструктурни системи и услуги, во прилог на поттикнување на економскиот развој и воопшто развојот на општината | Р. 1. Поинтегриран и ефикасен јавен и приватен транспортен систем, што ќе одговори подобро на потребите и што ќе овозможи реалокација на ресурсите за нивно поефикасно и соодветно искористување | Пр. 1. Ревизија на постојните транспортни услуги и развој на попристапни и поевтини услуги | Пр. 1. Ревизија на транспортните услуги со подобрување и реалокација на ресурсите, нивна имплементација |
| | | Р. 2. Обезбедени се подобри стандарди за патната мрежа и поврзувањето во општината | Пр. 1. Програма за развој на патната мрежа | Пр. 1. План за дефинирање на приоритети за подобрување на патната мрежа и нивна имплементација |
| | | Р. 3. Подобрени се обезбедувањето, функционалноста и квалитетот на системите за водоснабдување, отпадни комунални и атмосферски води во градот и во селата | Пр. 1. Програма за водоснабдување | Пр. 1. Подобрување и реконструкција на системот за водоснабдување во урбаните и во руралните средини |
| | | | Пр. 2. Програма за развој на системот за третман на комуналните отпадни води | Пр. 2. Подобрување/реконструкција на системот за комунални отпадни води во урбаните и во руралните области |
| | | | Пр. 3. Програма за развој на систем за третман на атмосферските води | Пр. 3. Проект за подобрување/реконструкција на системот за атмосферската канализација во урбаните и во руралните области |
| | | Р. 4. Систем за управување со цврстиот отпад што ги зема во обсир рециклирањето и редукцијата на отпадот, како и искористување на енергијата од цврст отпад и сигурно и еколошко одлагање на неискористениот отпад - минимум 10% од цврстиот отпад се рециклира до 2011 г. | Пр. 1. Локална програма за управување со цврстиот отпад | Пр. 1. Ревизија и процена на постојниот систем на управување со црстиот отпад |
| | | | | Пр. 2. Проект за рециклирање и повторно искористување на отпадот |
| | | | | Пр. 3. Кампања за подигање на јавната свест за минимизирање на цврстиот отпад и негово селектирање |

| Одржлив економски развој | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Визија** | **Стратешки цели** | **Развојни цели** | **Програми** | **Проекти** |
| До 2010 г. општина Берово е траформирана во општина со засилено и одржливо претприемаштво, поддржано со силно развиени јавни/приватни услуги | С. 1. Развиен систем на институционална поддршка со цел да се обезбедат ефективни, одговорни и професионални бизнис услуги на заедницата | Р. 1. Општинската администрација е способна да обезбеди квалитетни услуги за поддршка на бизнисот, за да се постигне економски растеж и вработувања | Пр. 1. Програма за воспоставување на поддршка на бизнисот од општинската администрација | Пр. 1. Основање на Одделение за економски развој во општинската администрација |
| | | | | Пр. 2. Центар за локален развој и поддршка на бизниси |
| | | | | Пр. 3. Уредување на градскиот пазар и на околината |
| | | Р. 2. Постојните и потенцијалните претприемачи соработуваат во експанзија на економските активности, во нивна заедничка полза | Пр. 1. Развојна програма за формирање на Мрежа за поддршка на бизнисот во Берово (МПББ) | Пр. 1. Мрежа за поддршка на бизнисот во Берово (јавно и приватно членство) |
| | | | Пр. 2. Програма за развој на туризмот | Пр. 1. Основање на туристички сојуз/асоцијација и подигање на капацитетите на членството за обезбедување на поквалитетни услуги |
| | | | | Пр. 2. Развој на одржлив туризам |
| | | | Пр. 3. Програма за развој на текстилниот сектор | Пр. 1. Изработка и имплементација на План за развој на текстилниот сектор во општина Берово |
| | | | | Пр. 2. Основање на кластер за текстил |
| | | | Пр. 4. Програма за развој на земјоделството и производството на храна | Пр. 1. Основање на кластер за земјоделство и храна |
| | | | | Пр. 2. Физибилити студија за потенцијали и насоки за развој на земјоделството и на сточарството |
| | | | | Пр. 3. Основање на агроцентар |
| | | | Пр. 5. Програма за развој на преработката на дрво | Пр. 1. Основање на кластер за шумарство и дрвна индустрија |
| | | | | Пр. 2. Развој и имплементација на План за експанзија на дрвопреработувачкиот сектор во Берово |
| | | | | Пр. 3. Воведување нови технологии за енергетска ефикасност |
| | С. 2. Берово ги развива потенцијалите за да може да учествува во меѓународните инвестициски програми и да привлекува странски директни инвестиции (СДИ) | Р. 1. Прекугранични и СДИ за да донесат економски раст и нови можности за вработување | Пр. 1. Програма за развој на прекуграничната соработка (ПГС) | Пр. 1. Градење на капацитети и на партнерства за прекугранична соработка |
| | | | | Пр. 2. Промоција и одржливо искористување на природните ресурси во пограничниот појас на Малешевијата |
| | | | Пр. 2. Програма за привлекување на СДИ | Пр. 1. Промоција на општинските потенцијали пред странските и пред домашните инвеститори |
| | | | | Пр. 2. Промоција на општината како атрактивно место за живеење |
| | | | | Пр. 3. Зајакнување на партнерските врски и фасилитирање на економската соработка со Финска |
| | | | Пр. 1. Програма за искористување на алтернативни видови енергија | Пр. 1. Физибилити студија за потенцијалите за воведување на алтернативни видови енергија |
| | | | | Пр. 2. Пилот-проекти за искористување на алтернативни видови енергија |

**Квалитет на живот, образование и обука**

| Визија | Стратешки цели | Развојни цели | Програми | Проекти |
|---|---|---|---|---|
| Ќе се подобри квалитетот на живот преку подобар пристап до поквалитетни услуги за сите граѓани | С. 1. Зголемено учество на граѓаните во развивањето на аспектите на квалитетот на живот во општината и во опкружувањето | Р. 1. Зајакнати се постојните и формирани се нови волонтерски групи и НВОи, кои се вмрежени во форум, за да обезбедат канал за граѓанско учество во дефинирањето и во постигнувањето на развојните цели | Пр. 1. Програма за развој и зајакнување на граѓанското општество, волонтерски групи и мрежа-форум | Пр. 1. Проект за поддршка на градење капацитети на групите кои ги претставуваат различните интереси: животна средина, семејство и социјални грижи, спорт и рекреација, културно наследство |
| | С. 2. Зајакнување на архитектонското и на природното наследство на градот и на селата за да станат атрактивни локации за посета од страна на жителите и на посетителите | Р. 1. Градот и селата во општината ги подобруваат улиците и тротоарите, плоштадите, регулацијата на реките, парковите и другите карактеристични локации | Пр. 1. Програма за подобрување на архитектонското и на природното наследство во градот „Убаво Берово“ и во другите села | Пр. 1. Планови за разубавување на градот и на селата |
| | | | | Пр. 2. Реконструкција на зградата на старата амбуланта |
| | | Р. 2. Капацитетите во општината за уметност, култура, спорт и информации се надоградени/реновирани и нивното искористување е проширено | Пр. 1. Програма за развој на културата и на уметноста | Пр. 1. Изградба на мулти-функционална библиотека |
| | | | | Пр. 2. Промоција на регионот преку културата и традицијата |
| | | | | Пр. 3. Изградба на историски и културен музеј |
| | | | | Пр. 4. Реконструкција и адаптација на мултинаменска сала во Берово |
| | | | Пр. 2. Програма за информирање | Пр. 1. Издавање на информативно гласило |
| | | | Пр. 3. Програма за развој и унапредување на спорт и рекреација | Пр. 1. Реконструкција и разубавување на пешачките и на патеките за трчање |
| | | | | Пр. 2. Реконструкција на Кајакарскиот дом |
| | | | | Пр. 3. Доизградба на спортската сала |
| | | | | Пр. 4. Реконструкција на салата „Партизан“ |
| | | | | Пр. 5. Анализа на состојбата со спортот во општина Берово, со конкретна поддршка за развој и унапредување |
| | С. 3. Здравствени услуги кои ја обезбедуваат потребната здравствена грижа на жителите на општината на поефикасен и ефективен начин | Р. 1. Редукција на неефикасното искористување на здравствените ресурси и подобрено обезбедување на услугите | Пр. 1. Програма за процена на примарната и секундарната здравствена заштита | Пр. 1. Анализа на состојбите произлезени од реформите во здравството и на децентрализацијата на локално ниво со конкретни препораки |

**Квалитет на живот, образование и обука**

| Визија | Стратешки цели | Развојни цели | Програми | Проекти |
|---|---|---|---|---|
| | С. 4. Социјална грижа и системи за заштита на заедницата што ја обезбедуваат потребната поддршка на жителите на општина Берово на поефикасен и ефективен начин | Р. 1. Редукција на неефикасното користење на социјалната грижа и на ресурсите за заштита на заедницата и овозможување подобрени услуги | Пр. 1. Програма за евалуација на социјалните услуги | Пр. 1. Изготвување на стратегија за подобрување на социјалната грижа и заштита на граѓаните |
| | | | | Пр. 2. Ревитализација и проширување на Дневниот центар за лица со посебни потреби |
| | | | | Пр. 3. Отстранување на архитектонските бариери за лица со посебни потреби |
| | | Р. 2. Подобрени капацитети за заштита на граѓаните од природни и човечки закани и катастрофи | Пр. 1. Програма за развивање на услуги за заштита и спасување од елементарни непогоди | Пр. 1. Анализа на постојните услуги и капацитети за заштита и спасување и доекипирање |
| | | | | Пр. 2. Информативна кампања за самозаштита на граѓаните |
| | | | | Пр. 3. Проект за подобрување на опременоста и инфраструктурата за ПП и за друг вид заштита |
| | | | | Пр. 4. Проект за канализирање и чистење на речните корита и потоци во општина Берово |
| | С. 5. Образовни услуги кои се поразновидни и флексибилни и кои покажуваат подобра поврзаност со економското опкружување и со можностите за вработување во општината и во поширокиот регион | Р. 1. Поголем број на ученици со завршено средно образование наоѓаат соодветна работа, развиваат бизниси или одат на повисок степен на образование | Пр. 1. Програма за подобрување на образовните услуги | Пр. 1. Анализа на расположливите стручни капацитети вклучени во воспитно-образовните институции и усогласување на потребата и побарувачката од кадар со понудата на средното стручно образование |
| | | | | Пр. 2. Обука на вработените во образовните институции и во детската градинка |
| | | | | Пр. 3. Изработка на проектна документација за мултинаменска сала во ЈУДГ „23 Август“ - Берово |
| | | | | Пр. 4. Помош на ученици кои имаат тешкотии во совладување на наставната програма и поддршка на талентирани ученици |
| | | | | Пр. 5. Едукација на невработени осмоодделенци или средношколци за добивање на одредени квалификации |
| | | | | Пр. 6. Модернизација на училиштата |
| | | | | Пр. 7. Основно образование за возрасни |

# АКЦИОНЕН ПЛАН НА

# СТРАТЕГИЈАТА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ 2006–2011

# НА ОПШТИНА БЕРОВО

Берово, март 2007

# Резиме

Акциониот план на Стратегијата за одржлив развој на Општина Берово има цел да ја стави во функција Стратегијата и да и даде оперативност, со дефинирање на конкретни параметри и со детална анализа за секој од предложените проекти, како и креирање на временска рамка за реализација на Стратегијата.

На одржаната воведна информативна работилница, на 11.12.2006 година, во Берово, Локалниот експертски тим пред присутните членови од тимот за Локален одржлив развој (ЛОР), накратко презентираше за досега сработеното во процесот на стратешкото планирање за одржлив развој на заедницата. Со тоа, практично, започна процесот на акционото планирање.

За секој проект се направени детални анализи и процена на трошоците, кои се добиени врз база на:

- пазарните вредности на одредени сегменти во моментот на подготовка на проектот;
- постојната проектна документација;
- направената процена.

Секој проект е подложен на одреден ризик поврзан со имплементацијата: правна регулатива, вклучитено и одлуки и прописи на локално ниво, влијанието на политиката на централно или на локално ниво врз економската состојба во регионот и пошироко, како и финансиски и организациски ризици.

Во подготовката на Акциониот план активно беа вклучени претставници од релевантните сектори во општината: јавниот, приватниот и граѓанскиот, кои работеа тематски, согласно дефинираните приоритетни сектори во Стратегијата:

- Инфраструктура;
- Одржлив економски развој;
- Квалитет на живот, образование и обука.

Групите одржаа по десетина состаноци за детална анализа и разработка на предложените проекти. Во групите беа вклучени претставници од сите сектори, а дополнително беа консултирани и релевантни поединци и организации, за што попрецизна разработка на проектите. Вкупно се разработени 63 предлог-проекти, со време на имплементација од 2007 до 2011 година.

Заради посоодветна анализа, дел од проектите од делот за квалитет на живот се префрлени во делот за инфраструктура.

Врз основа на реалните потреби и актуелни состојби, групата за одржлив економски развој предложи нова програма – за искористување на алтернативните извори на енергија, а исто така беа предложени одредени промени на ниво на програми и проекти во рамки на усвоените развојни цели.

Како резултат на анализита, групата за квалитет на живот, образование, обука и спорт даде препораки во насока на вклучување на дополнителна програма во рамките на Стратегијата – програма за развој и унапредување на спортот во општина Берово, како и измени и дополнување на ниво на проекти во областа на здравството, образованието и социјалата. Промените се резултат на тековните реформи и на реалните потреби.

Стратегијата за одржлив развој, заедно со Акциониот план, како нејзин интегрален дел, се основа за идниот развој на општината, а истовремено се основа за проширување на соработката на меѓуопштинско и регионално ниво, како и за продлабочување на прекуграничната соработка во областите што се дефинирани со постојните договори и меморандуми за соработка, како и за прашања за кои е неопходна соработка и поврзување.

## Тимот за ЛОР работеше во 3 групи:

- **Инфраструктура:**
  **Мишо Догазански** – *фасилитатор*
  **Елен Качулачка** – *Општина Берово*
  **Зоран Ханџиски** – *ЈПКР „Услуга“*
  **Даниела Тачунска** – *Општина Берово*
  **Драган Трнковски** – *Општина Берово*
  **Ѓорѓи Пеовски** – *УНДП ЛАР*

- **Дополнително беа консултирани:**
  **Славчо Муртовски** – *Општина Берово*
  **Гордана Готовска** – *Општина Берово*

- **Одржлив економски развој:**
  **Јасминка Пашалиска - Андоновска** – *фасилитатор*
  **Митко Илијевски** – *Општина Берово*
  **Зоран Аговски** – *Совет на Општина Берово*
  **Лидија Догазанска** – *Совет на Општина Берово*
  **Антонио Двојаковски** – *бизнис сектор*
  **Владо Мишовски** – *бизнис сектор*
  **Цветанка Пеовска** – *Невладин сектор*
  **Јулијана Брашнарска** – *УНДП ЛАР*
  **Дополнително беа** *консултирани:*
  **Владо Нешовски** – *Совет на Општина Берово*
  **Бранко Лапевски** – *„Александрија-проком“*
  **Звонко Пекевски** – *Општина Берово*
  **Виолета Козовска** – *АД „Алкалоид“*
  **Марјан Соколчевски** – *Совет на Општина Берово*

- **Квалитет на живот, образование, обука**
  **Ирена Коловска** – *фасилитатор*
  **Бранка Шишовска** – *претставник од образованието и од Советот на Општината*
  **Дејан Каламадевски** – *Општина Берово*
  **Звонко Скендерски** – *Дом на културата*
  **Јордан Гошевски** – *Дирекција за заштита и спасување*
  **Дарко Шумански** – *УНДП ЛАР*
  **Јован Миличински** – *Народна техника*
  **Гоце Милошовски** – *Вавилон центар*

- **Дополнително беа консултирани:**
  **Љупчо Димитровски** – *Агенција за вработување*
  **Ветка Постоловска** – *Детска градинка*
  **Весна Аврамска** – *ОУ „Дедо Иљо Малешевски“*
  **Ефтим Гаштеовски** – *ДСУ „Ацо Русковски“*
  **Виолета Фурнаџиска** – *Центар за труд и социјална политика*
  **Марија Решковска** – *дневен центар за лица со специјални потреби*
  **Ѓорѓи Пеовски** – *УНДП ЛАР.*

# Опис на проектите: ИНФРАСТРУКТУРА

| Проект 1: | Вид на програма |
|---|---|
| **Проект за модернизација на урбаното планирање и за развој на човечките ресурси** | **Програма за модернизација на урбанистичкото планирање** |

**Краток опис на проектот:**
- Обука на административните работници за работа со компјутер,
- Набавка на соодветен софтвер за урбанистичко планирање и евиденција – ГИС програма,
- Прибирање информации за постоење на подземен катастар,
- Набавка на ажурирани катастарски подлоги,
- Дигитализирање на постојните урбанистички планови.

**Очекувани резултати:**
- Подобрување на услугите до корисниците
- Поедноставување и скратување на постапката за услугите

**Целни групи:**
- Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, жителите на општина Берово

**Можни учесници:**
- ДЗГР-ОПК Берово, ЕВН – ЕСМ Електродистрибуција, ЈКПР „Услуга“ – Берово, Телекомуникации, дигитализатори

**Придонес од реализацијата на проектот:**
- Олеснување на давањето брзи и точни услуги кон граѓаните
- Обострано задоволство од брзите и квалитетни услуги

**Предуслови за реализација на проектот:**
- Поседување на соодветна хардверска и софтверска опрема

**Фактори на ризик:**
- Ненавремено добивање квалитетни подлоги, несоработка со други органи кои располагаат со податоци, недостиг на финансии

**Предвидени трошоци:** 900.000,00 ден./ 14.760 €

**План за имплементација** | **Лице за контакт:** Догазански Мишо, дги

| **Трошоци (фондови/ресурси)** | **Финансиски ресурси** | **Проектирана сума** | **Обезбедена сума** |
|---|---|---|---|
| | **Локална самоуправа** | 300.000,00 ден./4.920 € | 210.000,00 / 3.443 € |
| | **Централна власт** | | |
| | **Донатори:** УСАИД, Европска банка за обнова и развој | 600.000,00 / 9.840 € | 600.000,00 / 9.840 € |
| | **Други извори** | | |
| | **ВКУПНО:** | 900.000,00 / 14.760 € | 810.000,00 / 13.283 € |

**Време на имплементација:** **2007 год.**

| Проект 2: | Вид на програма |
|---|---|
| **Проект за финализација на урбанистичкото планирање<br>Генерален урбанистички план (ГУП);<br>Детален урбанистички план (ДУП)** | **Програма за модернизација на урбанистичкото планирање** |

**Краток опис на проектот:**

- Иработка на измена и дополнение на ГУП на Берово, со проширување на зоната за мало стопанство и лесна индустрија;
- Промена на намената на површините во ГУП на Берово, за нереализираните локалитети;
- Изработка на измена и дополнение на ДУП на Берово, парацијална измена на ДУП.

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати:**<br>Овозможување на лесна реализација на урбанистичките планови и брзо добивање на градежна дозвола | **Целни групи:**<br>Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, жителите на општина Берово |
| **Можни учесници:**<br>ДЗГР-ОПК Берово, ЕВН – ЕСМ Електродистрибуција, ЈКПР „Услуга" – Берово, Телекомуникации, дигитализатор | **Придонес од реализацијата на проектот:**<br>Олеснување на давање на брзи и точни услуги кон граѓаните<br>Обострано задоволство од брзите и квалитетни услуги |
| **Предуслови за реализација на проектот:**<br>Поседување на соодветна хардверска и софтверска опрема и потребни сознанија за потребите на граѓаните | **Фактори на ризик:**<br>Ненавремено добивање на информации за потребите на граѓаните и немање база на податоци, недостиг на финансии |
| **Предвидени трошоци:** | 7.500.000,00 ден./122.951 € |
| **План за имплементација** | **Лице за контакт:** Догазански Мишо, дги |

| **Трошоци (фондови/ресурси)** | **Финансиски ресурси** | **Проектирана сума** | **Обезбедена сума** |
|---|---|---|---|
| | **Локална самоуправа** | 2.000.000,00 / 32.787 € | 750.000,00 / 12.295 € |
| | **Централна власт** | | |
| | **Донатори:** Сопствено учество | 5.500.000,00 / 90.164 € | 1.500.000,00 / 24.590 € |
| | **Други извори** | | |
| | **ВКУПНО:** | 7.500.000,00 / 122.951 € | 2.250.000,00 / 36.885 € |
| **Време на имплементација:** | | **2007–2009 год.** | |

## Проект 3: Развој на напреднат систем за мониторинг и евалуација на урбаното планирање

## Вид на програма: Програма за модернизација на урбанистичкото планирање

**Краток опис на проектот:**
- Следење и контрола, од Комисијата за урбанизам при советот на Општината, на работата во урбаното планирање,
- Спроведување анкети со корисниците на услугите,
- Контрола на урбаното планирање врз основа на законските надлежности од соодветните министерства,
- Контрола врз спроведувањето од страна на надлежните инспекциски служби.

**Очекувани резултати:**
- Правилен и законски развој на урбаното планирање
- Општинска контрола врз спроведувањето на планирањето

**Целни групи:**
- Секторот за урбанизам и комунални работи
- Жителите на општина Берово

**Можни учесници:**
- Министерство за транспорт и врски,
- Министерство за животна средина, државни инспекторати

**Придонес од реализацијата на проектот:**
- Контола врз давањето услуги кон граѓаните и врз урбанистичкото планирање

**Предуслови за реализација на проектот:**
- Поседување соодветна хардверска и софтверска опрема и стручен инспекциски кадар

**Фактори на ризик:**
- Ненавремено ажурирање на податоците од самото место, Ненавремена интервенција на инспекциските служби

**Предвидени трошоци:** 250.000,00 ден./ 4.099 **€**

**План за имплементација** — **Лице за контакт:** Догазански Мишо, дги

| **Трошоци (фондови/ресурси)** | **Финансиски ресурси** | **Проектирана сума** | **Обезбедена сума** |
|---|---|---|---|
| | **Локална самоуправа** | 250.000,00 / 4.099 € | 50.000,00 / 820 € |
| | **Централна власт** | | |
| | **Донатори:** | | |
| | **Други извори** | | |
| | **ВКУПНО:** | 250.000,00 / 4.099 € | 50.000,00 / 820 € |

**Време на имплементација:** **2007 год.**

| Проект 4: | Вид на програма |
|---|---|
| **Проект за реконструкција и разубавување на центарот во Берово (градскиот плоштад)** | **Програма за подобрување на архитектонското и на природното наследство во градот – „Убаво Берово“** |

**Краток опис на проектот:**

- Изградба на атмосферска канализација во центарот, за прибирање на атмосферската вода;
- Промена на другата подземна потребна инсталација во центарот на градот;
- Осветлување на централната пешачка зона со поставување на соодветни ниски канделабри;
- Поплочување на центарот и создавање на пешачка зона (плоштад);
- Изведба на предвидените градски фонтани и друга урбана опрема за одмор.

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати:**<br>• кономско и културно заживување на центарот<br>• Обновување на традиционалното „Беровско корзо“ | **Целни групи:**<br>• Секторот за урбанизам и комунални работи<br>• Жителите на општина Берово |
| **Можни учесници:**<br>• ЕВН – ЕСМ Електродистрибуција, ЈКПР „Услуга“ – Берово, Телекомуникации | **Придонес од реализацијата на проектот:**<br>• Економска ревитализација на централното градско подрачје<br>• Партерно уредување на центарот на градот |
| **Предуслови за реализација на проектот:**<br>• Извршена промена на постојната подземна инсталација, (вода, канализација), обезбедени материјални средства | **Фактори на ризик:**<br>• Непостоење на подземен катастар на постојни инсталации<br>• Недостиг на финансии |
| **Предвидени трошоци:** | 282.000.000,00 ден./1.344.262 € |
| **План за имплементација** | **Лице за контакт:** Догазански Мишо, дги |

| | | | |
|---|---|---|---|
